Врз основа на член 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација на АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г.П 61.5.I, Г.П 62.5.I, Г.П 63.5.I, Г.П 64.5.I, дел од У.Б 5 – У.Е 1, К.О Добрејци вгр – Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г.П 61.5.I, Г.П 62.5.I, Г.П 63.5.I, Г.П 64.5.I, дел од У.Б 5 – У.Е 1, К.О Добрејци вгр – Општина Струмица, со површина од 5797,15м$^2$ кој граничи:

- од северната страна со КП1024, и КП1025, К.О Добрејци вгр;
- од источната страна со ул.„У4";
- од западната страна со КП6512/114, и КП6512/85, К.О Добрејци вгр;
- од јужната страна со КП1030, К.О Добрејци вгр.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи ,на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 12.06.2020 година до 18.06.2020 година,а јавната презентација ќе се одржи на ден 15.06.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 4**

АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г.П 61.5.I, Г.П 62.5.I, Г.П 63.5.I, Г.П 64.5.I, дел од У.Б 5 – У.Е 1, К.О Добрејци вгр – Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок преку анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-3319/2
08.06.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски